ADING

# АДИНГПОКС-И

*Нисковискозна двокомпонентна епоксидна смеса за инјектирање и залевање*
*Одговара на: ASTM C881 Type 3*

## Област на примена:

За инјектирање на пукнатини со максимална широчина на отвор од 0,1 мм до max 5 мм, кај елементи од бетон, армиран бетон, камен и цементен малтер, ѕидни платна, столбови, греди, плочи, базени, резервоари и сл.;

## Својства:

- Двокомпонентна смола;
- Нема појава на собирање при процесот на врзување;
- Одлична адхезија за подлогата;
- Висока јакост на притисок;
- Висока хемиска отпорност;
- Отпорен на вода;
- Водонепропустлив;
- Нисковискозен и погоден за вградување по машински пат;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Специфична маса: | 1,18 гр/см$^3$ |
| Јакост на свиткување: (EN 1015-11) | 45,0±3 МПа |
| Јакост на притисок: (EN 1015-11) | 75,0±3 МПа |
| Отворено време за работа: | ~75 мин. |
| Вискозност: (по Форд ø4 мм) | t = 231сек. |
| Однос на мешање: | А : Б= 3,8 : 0,9 |

## Подготовка на подлогата:

Пукнатината која се обработува со Адингпокс-И треба да биде чиста и обеспрашена (со помош на воздух под притисок). Температурата на површината на која се изведуваат работите да биде во граници од 10°C до 35°C.

## Вградување:

Адингпокс-И за нанесување се приготвува со бавно мешање на компонентите А и Б (до потполна хомогенизација). Мешањето се врши машински, со бавен мешач или рачно.
Вградувањето на готовиот материјал се врши под притисок по машински пат, или со налевање (на хоризонтални површини). При нанесувањето мора да се внимава на времето на врзување на материјалот. Инјектирањето треба да се врши континуирано, со константен притисок и да се инјектира од една кон друга точка последователно за да се избегне "заробување" на воздух.
При инјектирање на надолжни пукнатини под притисок, цевките (вентилите) и пукнатината се обработуваат со епоксиден кит Адингпокс-К.

## Потрошувачка:

Според волуменот кој треба да се исполни, волуменската тежина на Адингпокс-И е 1,2 кг/дм$^3$.

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

Во сетови од 4,70 кг.
А компонента: 3,80 кг
Б компонента:0,90 кг

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5°C до 30°C. Рок на употреба 12 месеци.

РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ

ADING

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со РАСТВОРУВАЧ-П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош.
Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар:
Адингпокс-И и Растворувач-П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат близу до отворен оган или да се пуши за време на вградувањето.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Адингпокс-И се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*